Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-381/2
27-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–381/1 од 01.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Радовиш за извршена дискриминација од страна на претседател на Основен суд Радовиш, судија [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 26.06.2023 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–381/1 од 01.06.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Радовиш, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 01.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Радовиш, со адреса на живеење на [redacted] во Радовиш, против претседател на Основен суд Радовиш, судија [redacted]

Подносителот во претставката наведува дека пред Основниот суд во Радовиш има поднесено барање за прекинување на извршна постапка И.бр. 181/01 која се водела пред наведениот суд против него како должник, за наплата на долг на доверител [redacted] сега починат, од причини што извршната постапка навремено не е прекината согласно Закон за извршување кој се применувал во времето кога извршните предмети мигрирале од судовите во надлежност на извршителите. Заради наведеното блокирана е трансакциската сметка на подносителот на претставката која ја води УНИ Банка Радовиш па подносителот не е во можност да расолага со парични средства стекнати по основ на социјална парична помош, паричен надомест од субвенции за електрична енергија и старосна минимална пензија. За надминување на постојната состојба потребно е Основен суд Радовиш да достави Решение за повлекување на налог за извршување, согласно Закон за платен промет.

По разгледувањето на списите од предметот Комисијата одлучи дека постапувањето по истиот не спаѓа во рамките на законски утврдените надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како *„секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други."* Членот 5 од истиот закон, ги утврдува дискриминаторските основи, и тоа:*„ раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

Воедно, со оглед да подносителот во претставката имплицира непрофесионално и незаконито постапување на вработени во Основен суд Радовиш, Комисијата упатува соодветно да ги извести надлежните органи, и тоа Судскиот совет на Република Северна Македонија, како и другите надлежни институции за утврдување на постоење или непостоење на кривична одговорност од страна на истите.

Врз основа на изнесеното, а земени предвид надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои се јасно утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, се одлучи како што е наведено во диспозитивот.

Скопје
26.06.2023година

Заменик Претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива